ПП бр: 09-48/13

Врз основа на член 28 став (2), член 30 став (1) и член 45 став (1) точка (1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија” бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.208/24 и 16/25), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисјата за за заштита на конкуренцијата во состав: М-р. Борче Размоски–Претседател, М-р. Малинка Силјановска Николиќ, Александар Тргачевски, Никола Трајчевски и Valon Elezi - членови, постапувајќи по службена должност во постапка поведена со заклучок ПП бр.09-48/2 од 19.02.2026 година против Друштво за трговија и услуги АУТО-АС ДОО експорт-импорт Скопје, со седиште на ул. „Востаничка“ 61/17, Скопје, Република Северна Македонија заради утврдување на постоење на прекршок од член 60 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата, на седница одржана на ден 03.06.2026 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се утврдува дека Друштво за трговија и услуги АУТО-АС ДОО експорт-импорт Скопје, со седиште на ул.„ Востаничка“ 61/17, Скопје, Република Северна Македонија, со ЕМБС 4883497 и ЕДБ 4030994113411, трансакциска сметка 270048834970181 во Халк Банка АД Скопје, застапувано од управителот Сречко Трајковски, иако согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата било должно до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави известување за концентрација пред нејзиното спроведување, односно пред 05.12.2025 година кога е реализирана трансакцијата за купопродажба на акции, а по донесување на Одлука за купување на акции од 03.12.2025 година не доставил известување за концентрација во законскиот рок, со што сторило прекршок од член 60 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата за што му се изрекува прекршочна санкција - глоба во износ од 153.700 денари што претставува 0,778% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2024 година како година која и претходи на концентрацијата.

2. Се утврдува дека Друштво за трговија и услуги АУТО-АС ДОО експорт-импорт Скопје, со седиште на ул. „Востаничка“ 61/17, Скопје, Република Северна Македонија, со ЕМБС 4883497 и ЕДБ 4030994113411, трансакциска сметка 270048834970181 во Халк Банка АД Скопје, застапувано од управителот Сречко Трајковски, иако согласно член 18 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата не смеело да ја спроведе концентрацијата пред Комисијата за заштита на конкуренцијата да донесе решение со кое се утврдува дека истата е во согласност со Законот, ја спровело коцентрацијата на ден 05.12.2026 година кога е реализирана трансакцијата за купопродажба на акции, односно пред донесување на решение на Комисијата за заштита на конкуренцијата од 04.02.2026 година, , со што сторило прекршок од член 60 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата за што му се изрекува прекршочна санкција - глоба во износ од 123.000 денари што претставува 0.622% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2024 година како година која и претходи на концентрацијата.

3.За прекршоците од точка 1) и точка 2) од ова решение сторени во стек како два самостојни прекршоци, на Друштво за трговија и услуги АУТО-АС ДОО експорт-импорт Скопје, со седиште на ул. „Востаничка“ 61/17, Скопје, Република Северна Македонија, со

ЕМБС 4883497 и ЕДБ 4030994113411, трансакциска сметка 270048834970181 во Халк Банка АД Скопје, застапувано од управителот Сречко Трајковски, му се изрекува единствена прекршочна санкција-глоба во износ од 276.700 денари, што претставува 1.4% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2024 година како година која и претходи на концентрацијата.

4. Глобата од точка 3) од ова решение, сторителот на прекршокот е должен да ја плати во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска сметка на налогопримач: Буџет на Република Северна Македонија, трансакциска сметка 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840xxx[1]07337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач – НБРМ и се должни да доставaт доказ за извршена уплата до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата во рок од 15 дена од денот на уплатата.
Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

На ден 06.02.2026 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) достави допис бр. 08-11 до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: КОП) со цел понатамошно постапување од страна на КОП, односно да утврди дали во наведениот предмет е сторен евентуален прекршок од член 60 став (1) точка 1) и /или точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), со оглед на фактот дека станува збор за концентрација која е спроведена пред да се достави известување за истата и пред Комисијата да донесе решение со која концентрацијата се одобрува.

На седница одржана на ден 19.02.2026 година, КОП по службена должност донесе заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП бр.09-48/2 против Друштво за трговија и услуги АУТО-АС експорт-импорт ДОО Скопје, со седиште на ул. Востаничка 61/17, Скопје, Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: АУТО-АС ДОО Скопје), со кој го задолжи АУТО-АС ДОО Скопје да достави податок за вкупниот број на акции кои АУТО-АС ДОО Скопје ги поседува во ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА АД Скопје, кога ги стекнал, истите да бидат наведени во номинален износ и во проценти, како и податок за бројот на жиро-сметката на Друштвото. Заклучокот е доставен со пропратно писмо ПП бр. 09-48/3 од 19.02.2026 година.

Со допис бр. ПП 09-48/4 од 27.02.2026 година, АУТО-АС ДОО Скопје до КОП ги достави бараните податоци согласно заклучокот за поведување прекршочна постапка бр.09-48/2.

На седница одржана на ден 12.03.2026 година, КОП донесе прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр. 09-48/5, кое е доставено до АУТО-АС ДОО Скопје со пропратно писмо ПП бр.09-48/6 од 13.03.2026 година.

---

[1] Се наведува ознаката на општината согласно Списокот на општини со ознаки во Република Македонија, кој е составен дел на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи (Службен весник на Р.М. бр.8/06)

Со допис наш ПП бр.09-48/7 од 06.04.2026 година АУТО-АС ДОО Скопје се произнесе по прелиминарното известување за утврдена фактичка состојба.

По електронски пат на ден 17.04.2026 година со допис ПП бр.09-48/8 КОП закажа усна расправа.

На ден 21.04.2026 година КОП одржа усна расправа за што е составен записник ПП бр.09-48/9.

На седница одржана на ден 22.04.2026 година, КОП донесе конечно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр. 09-48/10, кое е доставено до АУТО-АС ДОО Скопје со пропратно писмо ПП бр.09-48/11 на ден 22.04.2026 година.

Со допис наш ПП бр. 09-48/12 од 05.05.2026 година, АУТО-АС ДОО Скопје се произнесе по конечното известување за утврдена фактичка состојба.

**Врз основа на анализа на доставените податоци и документи КОП во досегашната постапка по предметот, ја утврди следната фактичка состојба:**

На ден 03.12.2025 година, АУТО-АС ДОО Скопје донел Одлука за купување на акции, врз основа на која ќе се склучи Договор за купопродажба на акции, со цел стекнување на дополнителни 5.300 обични акции од издавачот ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА АД Скопје.

На ден 04.12.2025 година, дополнето на 17.12.2025 година и на 21.01.2026 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата примила Известување за концентрацијата бр. 08-176, од АУТО-АД ДОО Скопје, со која АУТО-АС ДОО Скопје, ќе стекне контрола над ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА АД Скопје. Видно од документацијата дадена во прилог кон Известувањето, поточно од Пресметката по налог бр. 2030 издадена од Илирика Инвестментс АД Скопје, произлегува дека датумот на предавање на налогот за стекнување на 5.300 акции е 04.12.2025 година, времето на реализација на трансакцијата е 05.12.2025 година, додека порамнувањето е извршено на 10.12.2025 година.

Од наведеното, произлегува дека концентрацијата фактички е спроведена на 05.12.2025 година, со реализација на трансакцијата и стекнување на 5.300 акции во ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА АД Скопје од страна на АУТО-АС ДОО Скопје.

Решението за предметната концентрација Комисијата го донела на 04.02.2026 година.

***Настанување на концентрација***

Согласно член 12 став (1) точка 2) алинеа 2 од Законот, концентрација настанува со промена на контролата на долгорочна основа, а особено како резултат на стекнување на директна или индиректна контрола на целото или делови од едно или повеќе други претпријатија од едно или повеќе лица кои веќе контролираат најмалку едно претпријатие.

Вкупниот број на акции со право на глас во ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА АД Скопје изнесува 12.109 обични акции ( и 727 сопствени акции без право на глас)

Пред концентрацијата АУТО-АС ДОО Скопје во ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА АД Скопје имал 5.046 акции, односно 41.67% од акциите со право на глас. Дополнително лицето Сречко Трајковски (содружник во АУТО-АС ДООО Скопје) поседувал 534 акции, односно 4,4% од акциите со право на глас.

Видно од Пресметката по налог бр.2030 издадена од Илирика Инвестментс АД Скопје доставена во прилог на известувањето, со трансакција од 05.12.2025 година АУТО-АС ДОО Скопје се стекнал со контрола над ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА АД Скопје кога стекнал дополнителни 5.300 акции (43.769%) со што заедно со претходните акции (41.67% на АУТО-АС ДОО и 4,4% на Сречко Трајковски) стекнал удел од вкупно 89,839%, а со тоа и контрола над ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА АД Скопје.

Од наведеното произлегува дека согласно член 12 став (1) точка 2) алинеа 2 од Законот, настанала концентрација со промена на контролата на долгорочна основа, како резултат на стекнување на директна контрола над ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА АД Скопје од страна на АУТО-АС ДОО Скопје.

***Услови за известување за концентрација***

Согласно член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот, известување за концентрација до Комисијата се поднесува ако заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатија учесници, остварен со продажба на стоки и/или услуги на светскиот пазар, го надминува износот од 10 милиони евра во денарска противвредност, по курсот на денот на составување на годишната пресметка, остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата, при што најмалку еден учесник мора да биде регистриран во Република Македонија и/или заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатијата учесници во концентрацијата остварен со продажба на стоки и услуги во Република Македонија го надминува износот од 2,5 милиони евра во денарска противвредност.

ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА АД Скопје има две поврзани субјекти и тоа:
-ГИМ енергетика ДОО Скопје и
-Приватна научна установа Институт за истражување на животна средина, градежништво и енергетика, Скопје.

Вкупно остварените приходи на учесниците во концентрацијата остварени во 2024 година како година која и претходи на концентрацијата, пресметани согласно член 16 од Законот се како што следи:

- АУТО-АС ДОО Скопје во 2024 година остварил приходи од вкупно 19.753.954 денари (321.229 евра)[2] при што сите се остварени во Република Северна Македонија;
- Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје во 2024 година остварил вкупно приходи во износ од 795.328.299 денари (12.932.218 евра), од кои во Република Северна Македонија 728.360.530 денари (11.844.224 евра);
    1) ГИМ енергетика ДОО Скопје не оствариле приходи во 2024 година;
    2) Приватна научна установа Институт за истражување на животна средина, градежништво и енергетика, Скопје во 2024 година во Република Северна Македонија оствариле приходи од вкупно 21.876.783 денари (355.749 евра).

[2] Среден курс на НБРСМ на 31.12.2024 година 1 евро=61,4950 денари

Од наведените податоци е видно дека заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатија учесници, остварен со продажба на стоки и/или услуги на светскиот пазар, го надминува износот од 10 милиони евра и заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатијата учесници во концентрацијата остварен со продажба на стоки и услуги во Република Северна Македонија го надминува износот од 2,5 милиони евра.

***Обврска за известување за концентрација***

Согласно член 15 став (1) од Законот учесниците во коцентрацијата се должни до Комисијата да достават известување за концентрација пред нејзиното спроведување. Неподнесување на известување за концентрација согласно член 15 став (1) од Законот претставува прекршок од член 60 став (1) точка 1) од Законот.,

Согласно член 15 став (3) од Законот, известување за концентрација поднесува лице, односно претпријатие кое стекнува контрола над цело или дел од едно или повеќе претпријатија, односно во конкретниот случај АУТО-АС ДОО Скопје.

Согласно член 15 став (5) од Законот, како ден на прием на известувањето се смета денот кога Комисијата за заштита на конкуренцијата ги примила сите податоци и исправи од ставот (4) од овој член, за што Комисијата за заштита на конкуренцијата му издава посебна потврда на подносителот.

Од горенаведно неспорно е дека постоела обврска за АУТО-АС ДОО Скопје да достави до Комисијата известување за концентрација пред нејзиното спроведување.

АУТО-АС ДОО Скопје на ден 04.12.2025 година, дополнето на 17.12.2025 година и на 21.01.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата доставил Известување за концентрацијата.

По приемот на сите потребни податоци и исправи, Комисијата согласно член 15 став (5) од Законот, на ден 23.01.2026 година издала Потврда за прием на уредно известување за концентрација бр. 08-11, со која потврдува дека како ден на прием на известувањето се смета 21.01.2026 година.

Дополнително, Комисијата решението со кое се утврдува дека наведената концентрација е во согласност со одредбите од Законот го донела на ден 04.02.2026 година.

Имајќи предвид дека концентрацијата е реализирана на 05.12.2025 година, а како ден на прием на известувањето е утврден 21.01.2026 година, КОП утврди дека концентрацијата била спроведена пред да биде поднесено известување за концентрација до Комисијата за заштита на конкуренцијата.

За сторениот прекршок од член 60 став (1) точка 1) од Законот на АУТО-АС ДОО Скопје ќе му се изрече прекршочна санкција – глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата пресметан согласно член 16 од Законот*, односно вкупниот приход кој се состои од износите остварени со продажбата на стоки произведени во редовното работење на*

*претпријатието, како и од износите од услугите што претпријатието ги дава во своето редовно работење, а остварени во деловната година што и претходи на концентрацијата, по одземање на продажните рабати (попусти) и на данокот на додадена вредност и другите јавни давачки директно поврзани со приходот. Ако еден од учесниците е поврзано претпријатие во смисла на одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, при пресметувањето на неговиот вкупен приход, сите претпријатија што се поврзани на таков начин ќе се третираат како едно претпријатие, при што кога се пресметува вкупниот приход на поврзаните претпријатија нема да се земат предвид износите остварени од продажбите на стоки и/или давањето на услуги помеѓу нив.*

Вкупно остварениот приход на АУТО-АС ДОО Скопје во 2024 година како година која и претходи на концентрацијата изнесува 19.753.954 денари.

Во утврдувањето на износот на глобата, согласно член 64 од Законот, КОП ги зема во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот.

При одмерување на глобата КОП ги зема во предвид следните олеснителни околности:
- Комисијата со решението бр. 08-11 од 04.02.2026 година утврди дека наведената концентрација е во согласност со одредбите од Законот, па оттука со спроведувањето на концентрацијата не е нарушена конкуренцијата и не се предизвикани последици по конкуренцијата на релевантниот пазар;
- АУТО-АС ДОО Скопје самоиницијативно поднел известување за предметната концентрација на ден 04.12.2025 година, дополнето на 17.12.2025 година и на 21.01.2026 година и
- АУТО-АС ДОО Скопје ефективно соработуваше со КОП за време на постапката.

Врз основ на горенаведеното КОП утврди дека АУТО-АС ДОО Скопје како претпријатие кое стекнало контрола над ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА АД Скопје, иако согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата било должно до Комисијата да достави известување за концентрација пред реализација на трансакцијата,односно пред 05.12.2025 година, истиот во периодот пред 05.12.2025 година не поднел целосно известување за концентрација, со што сторил прекршок од член 60 став (1) точка 1) од Законот за што на АУТО-АС ДОО Скопје му се изрекува санкција - глоба во износ од 153.700 денари што претставува 0,778% од вредноста на вкупниот годишен приход на АУТО-АС ДОО Скопје остварен во 2024 година како година која и претходи на концентрацијата.

Согласно член 18 став (1) од Законот, концентрацијата не смее да се спроведе ниту пред да биде поднесено известување за истата до Комисијата, ниту по поднесувањето на известувањето, се додека не биде донесено решение дека концентрацијата е во согласност со одредбите од Законот.

Спроведување на концентрација спротивно на член 18 став (1) од Законот претставува прекршок од член 60 став (1) точка 2) од Законот.

КОП утврди дека концентрацијата е спроведена пред да биде поднесено известувањето до Комисијата и без да биде донесено решение од Комисијата, односно АУТО-АС ДОО

Скопје постапил спротивно на член 18 став (1) од Законот што претставува прекршок од член 60 став (1) точка 2) од Законот.

Времетраењето на прекршокот од член 60 став (1) точка 2) од Законот е од 05.12.2025 година кога е реализирана трансакцијата, до 04.02.2026 година како ден кога е донесено решение со кое се утврдува дека предметната концентрација е во согласност со Законот. Врз основа на ова, периодот во кој траел прекршокот изнесува 2 месеца.

За сторениот прекршок на АУТО-АС ДОО Скопје ќе му се изрече прекршочна санкција – глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата пресметан согласно член 16 од Законот, *односно вкупниот приход кој се состои од износите остварени со продажбата на стоки произведени во редовното работење на претпријатието, како и од износите од услугите што претпријатието ги дава во своето редовно работење, а остварени во деловната година што и претходи на концентрацијата, по одземање на продажните рабати (попусти) и на данокот на додадена вредност и другите јавни давачки директно поврзани со приходот. Ако еден од учесниците е поврзано претпријатие во смисла на одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, при пресметувањето на неговиот вкупен приход, сите претпријатија што се поврзани на таков начин ќе се третираат како едно претпријатие, при што кога се пресметува вкупниот приход на поврзаните претпријатија нема да се земат предвид износите остварени од продажбите на стоки и/или давањето на услуги помеѓу нив.*

Вкупно остварениот приход на АУТО-АС ДОО Скопје во 2024 година како година која и претходи на концентрацијата изнесува 19.753.954 денари.

Во утврдувањето на износот на глобата, согласно член 64 од Законот, КОП ќе ги земе во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот.

При одмерување на глобата КОП ги зема во предвид следните олеснителни околности:
- Комисијата со решението бр. 08-11 од 04.02.2026 година, утврди дека наведената концентрација е во согласност со одредбите од Законот, па оттука со спроведувањето на концентрацијата не е нарушена конкуренцијата и не се предизвикани последици по конкуренцијата на релевантниот пазар;
- АУТО-АС ДОО Скопје самоиницијативно поднесе известување за предметната концентрација на ден 04.12.2025 година, дополнето на 17.12.2025 година и на 21.01.2026 година и
- АУТО-АС ДОО Скопје ефективно соработуваше со КОП за време на постапката.

Врз основ на горенаведеното КОП утврди дека АУТО-АС ДОО Скопје како претпријатие кое стекнало контрола над ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА АД Скопје, иако согласно член 18 став (1) од Законот не смеел да ја спроведат концентрацијата пред 04.02.2026 година, како ден кога Комисијата донела решение со кое се утврдува дека предметната концентрација е во согласност со Законот, АУТО-АС ДОО Скопје ја спровел концентрацијата на 05.12.2025 година со реализација на предметната трансакција, со што сторил прекршок од член 60 став (1) точка 2) од Законот за што на АУТО-АС ДОО Скопје му се изрекува санкција - глоба во износ од 123.000 денари што претставува 0.622% од

вредноста на вкупниот годишен приход на АУТО-АС ДОО Скопје остварен во 2024 година како година која и претходи на концентрацијата.

Согласно член 17 став (1) од Законот за прекршоците - ако сторителот со едно дејствие или со повеќе дејствија сторил повеќе прекршоци, но не е донесена одлука за прекршок, претходно ќе се утврди прекршочна санкција за секој одделен прекршок, а потоа ќе се изречат како единствена прекршочна санкција сите така утврдени прекршочни санкции. Согласно член 17 став (2) од Законот за прекршоците - Ако за повеќе прекршоци сторени во стек е утврдена глоба ќе се изрече единствена прекршочна санкција што е еднаква на збирот на одделно утврдената глоба, која не може да го надмине законскиот максимум на глобата пропишана со закон. Оттука, КОП, согласно член 17 од Законот за прекршоците, на АУТО-АС ДОО Скопје му изрекува единствена санкција - глоба во износ од 276.700 денари, што претставува 1.4% од вредноста на вкупниот годишен приход на АУТО-АС ДОО Скопје остварен во 2024 година како година која и претходи на концентрацијата.

**Заради сето горе наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.**

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од осум (8) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**
**Претседател**
**М-р. Борче Размоски с.р**